*Мирјана Павловска - Шулајковска*

# *Милан Фирфов - 40 години пејачка, педагошка, диригентска и пијанистичка дејност*

Во услови на развиен културен музички живот во Македонија во почетокот на 70-те години од минатиот век го забележуваме присуството и појавата на музичкиот деец Милан Фирфов. Сето тоа се случува во 1967 година во Скопје, на концертот во организација на Музичката Младина на Македонија, насловен како "Вечер на Македонска музика", каде покрај повеќе музички имиња, за прв пат на професионалната музичка сцена настапува и Милан Фирфов како пијанист со делата: "Рондо за кларинет и пијано" од Стојан Стојков и "Четири дела" за глас, флејта, кларинет, виола и пијано од Ристо Аврамовски. Ова е почетокот на една кариера за која денес, после 40 години можеме да говориме за уметник, деец кој дејствува сестрано, многу раскошно и плодно на многу полиња од областа на музичката култура и уметност.

Проф. Милан Фирфов (1943) е роден во Скопје во семејство на истакнати музички уметници: еминентниот музиколог и композитор Живко Фирфов и првенката на Операта при Македонскиот Народен Театар, оперската певица Данка Фирфова. По завршувањето на гимназија, Милан Фирфов завршил Педагошка Академија, група музичко воспитание, во 1963 во Скопје. Студиите по музика ги продолжил на Факултетот за музичка уметност во Белград каде дипломирал на повеќе оддели кај мошне еминентни имиња од областа на музичката култура во тогашна Југославија:

- Пијано во класата на проф. Андреј Прегер, 1969 год.
- Соло-пеење во класата на проф. Никола Цвејиќ, 1970 год.
- Диригирање во класата на проф. Душан Сковран и проф. Станко Шепиќ, 1980 год.
- Постдипломски студии по соло пеење во класа на проф. Зденка Зикова, во 1978 год.

Во меѓувреме започнатата музичка кариера тој ја реализира во повеќе области како:

1. Репродуктивен уметник
2. Музички публицист
3. Музички педагог
4. развивајќи и општествена дејност.

Во текот на неговото 40 годишно делување Милан Фирфов бележи настапи во Македонија и странство и соработка со голем број домашни и странски уметници. Исто така оваа година ја одбележуваме и 35 годишната од уметничка соработка на проф. Милан Фирфов со проф. д-р Димитрије Бужаровски како пијанист и композитор.

Денес проф. Милан Фирфов работи како редовен професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Во изготвувањето на овој труд ја користевме документацијата од личната архива на проф. Милан Фирфов и ја употребивме "Методологијата за реконструкција на уметничкиот пат на македонските музички репродуктивни уметници" (Павловска-Шулајковска 2006). Од голема помош ни беа подредените и собрани материјали од страна на неговата сопруга, г-ѓа Слободанка Фирфова и неговиот син, м-р Живко Фирфов. Бидејќи сите артефакти се печатени материјали и секој од нив се однесува на посебен концерт, се определивме за забележување на бројот на вкупните настани. Овој број изнесува вкупно 551 настан, кои потоа статистички ги анализиравме според следните параметри:

1. Референца (репродуктивен уметник: вокален солист, диригент, пијанист; музички публицист; музички педагог ).

2. Видови на ансамбли

3. Видови на настапи

4. Место на одржување на настанот

5. Датум на одржување на настанот.

Следува претставување на фреквентна дистрибуција според параметарот *Референца*:

| **Референца** | **Број** | **%** |
|---|---|---|
| Репродуктивен уметник | 447 | 81.13 |
| Музички публицист | 104 | 18.87 |
| **Вкупно** | **551** | **100** |

Милан Фирфов својата дејност ја започнува како репродуктивен уметник: најнапред како пијанист, а потоа и како вокален изведувач-баритон и диригент. Од 1977 до 1981 година тој се занимава и со музичка публицистика. Истовремено се занимава и со педагошка дејност.

Според *Местото на настаните* ги добивме следните резултати:

| **Место на настан** | **Број** | **%** |
|---|---|---|
| Македонија | 514 | 93.28 |
| Србија | 17 | 3.09 |
| Друго | 20 | 3.63 |
| **Вкупно** | **551** | **100** |

Милан Фирфов најмногу делувал на домашната сцена, најчесто во Скопје, но и во другите градови низ земјата: Велес, Пробиштип, Куманово, Охрид, Тетово, Делчево, Струмица и др. Во неговото музичко делување забележуваме и настапи во Србија, Хрватска, Словенија, Шпанија и Холандија.

Според *датумот* ја добивме следната дистрибуција на дејности на Милан Фирфов (црна амплитуда-пијанистичка дејност, црвена- вокален уметник, жолта-диригент, сина-педагог).



## 1. Репродуктивен уметник

Како репродуктивен уметник Милан Фирфов се реализира низ повеќе дејности: вокален солист, диригент и пијанист. Соодносот на настаните од параметарот *Референца,* според дејностите како репродуктивен уметник изгледа вака:

| **Репродуктивен уметник** | **Број** | **%** |
|---|---|---|
| Вокален солист | 86 | 19.24 |
| Диригент | 359 | 80.31 |
| Пијанист | 2 | 0.45 |
| **Вкупно** | **447** | **100** |

### 1.1. Вокален солист

Едно од најзначајните делувања на Милан Фирфов е реализацијата како вокален солист кој настапува на концертните подиуми, но развива и сценска дејност.

| **Вокален солист** | **Број** |
|---|---|
| Концертна дејност | 81 |
| Сценска дејност | 5 |
| **Вкупно** | **86** |

По завршувањето на студиите по соло пеење во 1970 година, Милан Фирфов делува како вокален солист со истакната концертна дејност. Како пејач критиката го оценува како уметник со експресивен и подвижен баритон со карактеристичен тембр, јасна дикција, музикалност, прецизност и култивирана интерпретација. Според видовите на настапи Фирфов реализирал:

| **Концертна дејност** | **Број** | **%** |
|---|---|---|
| Групни концерти | 28 | 34.57 |
| Рецитали | 19 | 23.46 |
| Свечености | 18 | 22.22 |
| Настапи со ансамбли | 16 | 19.75 |
| **Вкупно** | **81** | **100** |



Според видот на концерти најголем број од нив се однесува на групните концерти. Според насловите тие се однесуваат на разни настани: “Концерт на Скопски репродуктивци” во Струмица, Куманово, Скопје, “Во чест на Моцарт”, “Вечер на Македонска музика”, “Концерт соло песни на Зоран Јовановиќ”, “Концерт на Конзерваториумот во Хаг”,но и на 15 години МММ, Конгрес на лекари и сл.

И концертите реализирани по повод разни свечености се однесуваат на: Свечени академии по повод разни празници, Гоцеви денови, Рацинови средби, Добротворни концерти, отворање на изложби.

Шестнаесет настапи со ансамбли со однесуваат на концерти со Македонската филхармонија, Камерниот ансамбл на Радио Телевизија Скопје, Детскиот хор “Пиколо”, Хорот на Факултетот за музичка уметност и Нишкиот симфониски оркестар. Меѓу овие настапи ги издвојуваме и настапите со ансамблот за современа музика “Света Софија” со кој Милан Фирфов реализирал шест концерти во Скопје, Охрид на “Охридско лето”, Струмица, Дубровник на “Дубровнички летни игри”, Порторож и Опатија.



Во текот на реализацијата на горенаведените настапи Милан Фирфов соработувал со повеќе диригенти: Тома Прошев, Фимчо Муратовски, Ангел Шурев, Александар Лековски, Димитрије Бужаровски, Томислав Шопов, Сандро Заниновиќ и Маријан Фајдига и др.

Секако едни од најзабележителните остварувања се вокалните рецитали на Милан Фирфов. Во неговиот опус како вокален солист 23.46 проценти од настапите се однесуваат на рециталните солистички настапи. Широката музичка култура на Милан Фирфов, познавањето на стилските карактеристики на композициите од различни епохи се едни од основните темели кои му овозможиле реализација на богат музички материјал. Тој на концертите изведува: италијански стари арии, германски лид, француска соло песна, музика од современи светски и

домашни автори (Димитрије Бужаровски, Тома Прошев, Стојче Тошевски, Томислав Зографски, Ристо Аврамовски и други). Уште на самите негови почетоци рецензентите позитивно се изјаснуваат: “...Со задоволство ќе констатираме еден континуиран растеж како во оформувањето на гласот, обликувањето на вокалот, а над сé речиси докрај пречистената техника на пеењето и изговорот на текстот. Тоа од друга страна го докажува неговиот изразито професионален и сериозен однос кон животниот позив - соло пеењето. Убаво конципираната програма од барокот до современите југословенски автори, ни ја даде можноста детално да ги проследиме и вреднуваме сите елементи на интерпретацијата на младиот пејач. И не беше тешко да констатираме дека Милан Фирфов поседува усет за стилска изведба, сценски темперамент и шарм, а над се убава, топла, светла баритонска боја, со беспрекорно чиста интонација...” (Тодорчевска Јелица. 1975. Скопје. “Убави резултати” во: *Нова Македонија*).

Меѓутоа, забележителна е соработката на проф. Милан Фирфов со проф. д-р Димитрије Бужаровски речиси како постојан пијано соработник на рециталните настапи и како композитор. Соработката започнала во 1972 година, а резултирала со голем број концерти на домашните и странските сцени. Резултат на долгогодишната соработка меѓу овие уметници се и создадените композиторски циклуси за глас и пијано од Димитрије Бужаровски: “Хумористични”, “Љубовни”, “Песни за Гоце”, “Три поеми од Пол Верлен” (компонирани на начинот на импресионистите), “Песна за војникот закопан три метра под земја” (за баритон, флејта и пијано), циклусот “Револуционерни песни” компонирана по повод јубилејот 15 години соработка со Милан Фирфов. Овие композиции првите изведби ги доживеале токму на овие концерти. “...Пишувани на народни стихови со љубовна и шеговита содржина песните се блиски до фолклорот, но само во далечните сеќавања. Во клавирска придружба на авторот, песните ги изведе баритонот Милан Фирфов особено импресивно со многу



искрена посветеност. Гласовната експресивност на пријатниот баритон, техничката подготвеност и вложениот труд придонесоа песните да прозвучат со полн интензитет...”, ќе напише рецензентот Зденка Вебер од Загреб, во 1983 година, во рецензијата со наслов “Композиторска вечер”.

Особен интерес Фирфов пројавува и кон француската соло песна, што резултира и со повеќе целовечерни концерти насловени како “Вечер на Француска вокална музика” со Милан Фирфов - баритон и Димитрије Бужаровски - пијано. А критиката забележала: ”...Веќе на прв поглед станува јасно дека Милан Фирфов има афинитет кон француската вокална музика и треба да се нагласи дека своите стилски стремежи и определби ги манифестира извонредно студиозно и професионално. Освен сигурната вокална техника и кристално чистата интонација на Фирфов, овој пат повеќе отколку порано дојде до израз зрелото сценско прикажување на творбите кое се преточи во значаен кавалитет на рециталот...” (Коџобашија Јане. “Од нашите концертни сцени”, за *Радио Скопје*).










Како вокален солист Милан Фирфов реализирал и 26 изведби на соло песни за Македонското радио и повеќе телевизиски остварувања за Македонската Радио Телевизија.

### 1.2. Диригентска дејност

Од 1980 година Милан Фирфов започнува и диригентска дејност. Диригентската активност бележи 52 настапи кои се одвиваат во домените на хорското, оркестарското и оперското диригирање. Од нив:

| **Диригент** | **Број на настани** | **%** |
|---|---|---|
| Хорови | 342 | 95.26 |
| Оркестри | 14 | 3.40 |
| Опери | 3 | 1.34 |
| **Вкупно** | **359** | **100** |

### *1.2.1. Хорски диригент*

Најголем дел од остварената диригентска дејност на Милан Фирфов се однесува на хорското диригирање и работата со хоровите. Оваа дејност представува логично уметничко делување кое се надоврзува на предходното вокално-сценско искуство.

Според *Видот* на хоровите со кои работел Фирфов остварил:

| **Хорови** | **Број на настапи** |
|---|---|
| Хор на Опера при МНТ (мешан) | 230 |
| "Хор на Ангелите" (машки) | 100 |
| Хор МБУЦ (мешан) | 5 |
| Хор"Мирче Ацев" (мешан) | 3 |
| Хор на ФМУ (мешан) | 2 |
| Хор на МРТВ (мешан) | 2 |
| **Вкупно** | **342** |

Милан Фирфов ги водел: Хорот на МБУЦ "Илија Николовски Луј" со кој добил Втора награда на Југословенско такмичење, Хорот на Факултетот за Музичка уметност, Академскиот хор "Мирче Ацев", Хорот на Радио Телевизија Скопје и Хорот на Музичката младина на Македонија со кои изведувале дела од македонски и странски автори.

Од 1985 година Милан Фирфов е и хормајстор на Хорот на Операта при Македонскиот Народен Театар. За настапот на Операта на МНТ рецензентот Владо Чучков забележал: "…Ангел Шурев имаше сé! И еден хор вешто и сигурно увежбан од сестраниот музичар Милан Фирфов..." (Чучков, Владо. 1986. *Вечер*). Како хормајстор тој го подготвувал Хорот на Операта при МНТ за следниве

обновени и нови оперски претстави: “Аида”, “Бразда”, “Боеми”, “Веселата вдовица”, “Илинден”, “Кармен”, “Кавалерија Рустикана”, “Лучија ди Ламермур”, “Љубовна напивка”, “Мадам Батерфлај”, “Набуко”, “Орфеј и Евридика”, “Палјачи”, “Приказна за штурецот и мравката”, “Реквием” (Верди), “Риголето”, “Травијата”, “Трубадур” и “Циганскиот барон”. За делувањето на Милан Фирфов како хормајстор рецензентот Димче Николески запишал: “…Хорот имаше посебна улога и квалитет, кој сé повеќе доаѓа до израз од појавата на програмскиот плакат на името на хормајсторот Милан Фирфов, чие професионално искуство како вокален солист, пијанист и диригент заедно со неговата трудољубивост, очигледно дава позитивни резултати...” во рецензијата со наслов: “Претстава на летото” за Радио Скопје на 19.07.1986 година.





Во дејноста на овој деец го забележуваме и раководењето на машкиот октет “Хорот на Ангелите”. Ансамбл формиран од проф. Фирфов, кој делувал во црквата Св. Архангел Михаил во Скопје при Македонската Православна Црква во периодот од 1993 до 1995 година, изведувајќи духовна православна музика: Литургијата “Св. Јован Златоуст” од повеќе автори од Русија, Србија и Македонија.

### *1.2.2.Оркестарски диригент*

Во текот на 40 годишното делување проф. Милан Фирфов соработувал и со повеќе оркестри, од кои според *Видот* на оркестрите:

| **Оркестри** | **Број** |
|---|---|
| Симфониски | 8 |
| Камерни | 6 |
| **Вкупно** | **14** |

Од нив:

| **Симфониски оркестри** | **Број** |
|---|---|
| Македонска филхармонија | 5 |
| Симфониски оркестар , Ниш | 2 |
| Симфониски оркестар, Суботица | 1 |
| **Вкупно** | **8** |

За настапот со Симфонискиот оркестар од Суботица во 1985 година ја забележуваме следната рецензија: "… Диригентот Милан Фирфов за цело време на концертот настојуваше да ги истакне сите детали на формалните и содржинските цели што во потполност и уверливо го постигна благодарејќи на своите сестрани музички предиспозиции. Со цел да ги постигне адекватните постигнувања, тој со неопислив интензитет пристапуваше кон разоткривањето и на најмалите формални целини, па не е случајно што неговата мануелна сестраност, емоционално богатство, стилска ориентираност и уште безброј други многу важни квалитети, доминираа при интерпретацијата на сите програмски точки, меѓу кои без сомнение врвно беше претставена и претставуваше незаборавно доживување, фрапантната интерпретација на Шубертовата "Трагична симфонија..." (Цвитко, Ференц. 1985. Суботица.*Руковеш* бр.6).





Од 1996 до 2000 година делуваше камерниот оркестар "Музикум Академикум", чијшто основоположник и диригент е Милан Фирфов. Овој оркестар со својот репертоар и квалитетни музички настапи придонесе за збогатувањето на музичкиот живот во нашата средина.

Во текот на остварувањето на овие дејности, како оркестарски диригент забележуваме соработка со повеке уметници: Ги Туврон - труба, Франција, Рита Кинка - пијано, Србија, Ласло Варга - виолончело, Будимпешта, Благоја Ангеловски - труба, Михајло Докузов - хорна, Михајло Куфојанакис - виолина, Васил Атанасов - обоа, Живко Фирфов - виолончело, Милка Ефтимова - мецосопран, Марија Муратовска - сопран, Нина Среброва - пијано, Гордана Јосифова - обоа, Марија Малинова - флејта и други.

### *1.2.3. Оперски диригент*

Како оперски диригент Милан Фирфов ги реализирал изведбите на: "Шеќерната приказна" - оперета за деца од Димитрије Бужаровски (најизведувана претстава во историјата на Македонската опера), "Приказна за штурецот и мравката" од Сотир Голабовски и операта "Илинден" од Кирил Македонски.

Сите горенаведени концерти од диригентскиот опус на Милан Фирфов се реализирани во Скопје, Охрид, Ниш, Суботица и Љубљана, во периодот од 1981 до 2000 година.

### *1.2.4.Пијанист*

Првиот концертен настап Милан Фирфов го реализирал како пијанист во 1967 година на концерт организиран од Музичката Младина на Македонија. Уште еден пијанистички настап овој уметник реализира заедно со својата мајка, оперската певица Данка Фирфова, насловен како "Музички портрет" во 1970 година, каде Фирфов настапувал како пијано соработник. Како солист пијанист тој реализирал и снимки за Македонското Радио.

## 2. Музичка публицистика

Освен делувањето како репродуктивен уметник Милан Фирфов во периодот од 1977 до 1981 година се занимавал и со музичка публицистика. Во овој период тој бил рецензент во весникот "Нова Македонија". Од неговиот вкупен авторски опус 41.77 проценти се однесуваат на музичката публицистика. Од нив:

| **Рецензии** | **Број** | **%** |
|---|---|---|
| Вокално сценски концерти | 53 | 50.96 |
| МОВ | 25 | 24.04 |
| Охридско лето | 26 | 25 |
| **Вкупно** | **104** | **100** |

Најголем број од рецензиите на Милан Фирфов се однесуваат на вокално сценските концерти во Скопје, а помал дел од нив се однесуваат на манифестацијата “Мајски оперски вечери” и на фестивалот “Охридско лето”. Преку овие проценти на остварени рецензии можеме да го воочиме соодносот на музичкиот живот во Скопје, во овој период. Помалиот број на рецензии за “Мајските оперски вечери” и фестивалот “Охридско лето” се должи на нивното определено времетраење во текот на годината.

Според формата и стилот, остварените текстови претставуваат професионални музички рецензии, во кој Фирфов со својата стручност дава оценка и суд на реализираните концертни настапи. Тие се однесуваат на голем број ансамбли, странски и домашни репродуктивни уметници. Дел од нив се однесуваат и на една цела генерација македонски музички репродуктивни уметници, кои токму во овој период бележеле подем во нивната музичка кариера, а денес се едни од главните носители на музичкиот живот во Македонија: Јован Каровски, Бранка Тодевска, Билјана Јовановска, Кирил Рибарски, Румен Димитриев, Евушка Елезовиќ, Тодор Светиев, Васил Атанасов и други).

### 3. Педагошка дејност

Од 1969 Милан Фирфов е во редовен работен однос во Факултетот за музичка уметност во Скопје. Во текот на неговото работење како професор тој ги предава следниве предмети:

- Пијано на I, II, VI, VII оддел
- Свирење хорски партитури
- Свирење оркестарски партитури
- Хорско пеење
- Соло пеење

Со наставата по предметите Пијано, Хорско пеење, Свирење хорски и оркестарски партитури, тој образува голем број генерации студенти од наставно теоретскиот, музиколошкиот, диригентскиот, композиторскиот и други отсеци на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Автор е на Прирачник за свирење хорски партитури во Це клучеви.



Во последниве десет години особено забележителна е класата на проф. Фирфов по Соло пеење, каде како педагог со долгогодишно вокално-сценско искуство директно влијае во оформувањето на нови генерации вокални пејачи. Денес неговите студенти се присутни на нашата сцена и сцените во светот или ги пренесуваат стекнатите педагошки вештини на нови генерации. Ги истакнуваме: Никола Китановски - тенор, Марјан Николовски - тенор, Магдалена Митевска - сопран, Билен Еминов - тенор, Александра Дукаетова - мецосопран, Лазар Стевановиќ - баритон, Ернест Ибраимовски - баритон, Марјан Стојановски - тенор и Марија Наумовска - сопран.

Остварувајќи педагошка активност проф. Фирфов делувал и на Факултетот за драмска уметност во Скопје, МБУЦ "Илија Николовски Луј" и Факултетот за уметности во Приштина.

## 4. Општествена дејност

Во текот на 40 годишното делување Милан Фирфов остварил и низа општествени функции во повеќе организации, здруженија и институции. Следува нивниот приказ:

1. Музичка младина на Македонија:
   - -Потпретседател во два мандата
   - -Член на Советот на меѓународни натпревари на МММ
   - -Претседател на Програмската комисија на МММ
   - -Член на претседателството на Музичка младина на Југославија

2. Здружение на музичките уметници на Македонија

-Претседател

-Член на претседателството

3. Член на Советот на Тетовски Хорски Одзиви, Тетово

4. Член на Советот на фестивалот Охридско лето во повеќе мандати

5. Член на Основачкиот одбор на Македонскиот музички совет

6. Член на Сенатот на универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во повеќе мандати

7. Продекан на Факултетот за музичка уметност - Скопје во четири мандати.

**Заклучоци**

Согледувајќи ги сите предходно изложени анализи неоспорно е делувањето и големиот придонес на проф.Милан Фирфов за развојот на македонската музичка култура и историја низ повеќе сегменти:

- Со своето делување придонел за развојот на вокалната (концертна и сценска) уметност во Македонија
- Забележан од музичките рецензенти како: "...експресивен баритон со топол и подвижен глас, ...изразена интерпретација и одлична техничка подготвеност..."
- Уметник кој ја поддржува и учествува во реализацијата на македонската музичка продуктивна уметност
- Основоположник на два македонски музички ансамбли: машкиот октет "Хорот на ангелите" и камерниот оркестар "Музикум Академикум"
- Уметник со забележителна диригентска дејност, како хорски, оркестарски и оперски диригент
- Автор на музички рецензии во периодот од 1977 до 1981 година
- Музички педагог по повеќе предмети на ФМУ со особено впечатливи резултати од предметот Соло пеење
- 35 годишна соработка со проф. д-р Димитрије Бужаровски
- 40 годишно музичко делување